Бр./Nr 12-2589/5

05-11-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 54-тата седница одржана на 01.11.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот со број 12-2589/1 од 27.07.2021 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино надлежно постапување.

Предметот со број 12-2589 од 2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-2589/1 од 27.07.2021 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Во пријавата се изнесени наводи кои се однесуваат на сомневања за незаконитости и неправилности во работењето на општинските основни училишта /// и ///, двете во ///, заради вработување на две лица со звање советник т.е. секретар, кои спротивно на законските одредби работеле подолг временски период заради извршување итни и неодложни работи. Имено, службените лица – директори на погоре посочените две општински основни училишта и покрај тоа што добиле согласности за вработување лица на посочените работни места, не објавиле огласи за вработување. Во меѓувреме, на истите работни места, спротивно на закон, ангажирале лица кои не ги исполнувале основните услови предвидени во актите за систематизација на работните места. Од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно со нејзините законски надлежности. Докази кон пријавата не се доставени.

По разгледување на наводите во пријавата, ДКСК се обрати до Државен инспекторат за труд при Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија во Скопје – ДИТ, со барање да се изврши вонреден инспекциски надзор по однос на истите. ДИТ извести дека не е надлежен да постапува по изнесените наводи и извести дека барањето за инспекциски надзор е препратено до Државниот просветен инспекторат при Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија –ДПИ.

ДПИ достави известување до ДКСК дека постапувајќи по изнесените наводи, претходно спровел вонреден инспекциски надзор во погоре означените две основни

училишта и сочинил записници, во кои ја констатирал фактичката состојба и истите ги достави до ДКСК.

Од увидот во доставените записници ДКСК утврди дека во наведените случаи се работи за ангажирање две лица по основ на привремено вработување на определено време, во постапката за нивното вработување не се констатирани незаконитости, неправилности или пропусти, особено не во насока на исполнување на законските услови за нивно вработување.

ДКСК не констатира повреда на закон од страна на службено лице, заради стекнување корист, за себе лично, или за друг, оцени дека предметот нема елементи за натамошно надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: К. Н.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**